**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

# ИНСТРУКЦИЈА
# ЗА ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА ПЕНЗИСКИ ФОНД КОЈ НЕМА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО СО ПРАВО НА СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА

Скопје, декември 2005 година

**ИНСТРУКЦИЈА**
**за исплата на средства во случај на смрт на член на пензиски фонд кој нема членови на семејството со право на семејна пензија**

1. Во случај на смрт на член на пензиски фонд, кој нема членови на семејството со право на семејна пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, средствата од неговата индивидуална сметка стануваат дел од оставинската маса на оставителот и се исплаќаат на лице прогласено за негов наследник согласно Законот за наследување.

2. Лицето прогласено за наследник на член на пензискиот фонд (во натамошниот текст: наследник) на друштвото за управување со пензиски фондови му доставува (во натамошниот текст: друштвото) барање за исплата на средства, фотокопија на извод од матична книга на умрени за членот на пензискиот фонд, правосилна судска одлука или соодветен договор склучен согласно Законот за наследување и документ за лична идентификација.

3. Друштвото доставува фотокопија од документите од точка 2 на оваа Инструкција до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенција) заради одобрување на исплатата, односно преносот на средствата.

4. Доколку врз основа на правосилна судска одлука или соодветен договор склучен согласно Законот за наследување наследникот има право на наследството само на дел од средствата на индивидуалната сметка на починатиот член, тогаш на наследникот му се исплаќа само соодветен дел од средствата на индивидуалната сметка.

5. Друштвото може да изврши делумна исплата на средствата од индивидуалната сметка на починатиот член само на лицето кое за тоа има законски основ, и доколку нема барање од други наследници за целосна исплата на средствата. Делумната исплата се врши согласно делот кој му припаѓа на наследникот врз основа на правосилна судска одлука или соодветен договор, од вкупниот број сметководствени единици на сметката на починатиот член на пензискиот фонд.

6. По дадениот налог од страна на друштвото и известувањето од Агенцијата за износот на средствата што треба да се пренесат, чуварот на имот го врши преносот на средствата од сметката на пензискиот фонд на банкарската сметка на овластеното лице.

7. Преносот се врши на наредниот датум на пренос врз основа на вредноста на сметководствената единица на датумот на проценка што претходи на датумот на пренос.

8. Друштвото ја известува Агенцијата за извршениот пренос на средствата на банкарската сметка на овластеното лице.

9. Откако вкупниот износ од индивидуалната сметка на починатиот член на пензискиот фонд ќе биде пренесен на сметка на наследник, друштвото ја затвора индивидуалната сметка на починатиот член и го известува наследникот.

10. Сите информации до Агенцијата друштвото ги доставува преку информациониот систем на Агенцијата во вид и форма определени во стручно-техничкото упатство што Агенцијата го изработува согласно Законот. Во случај на виша сила или други оправдани технички причини, друштвото ги доставува информациите до Агенцијата на надворешен медиум.

11. Оваа Инструкција се применува и во случај на смрт на времено распределен осигуреник во пензиски фонд со индивидуална потсметка на посебната сметка во пензискиот фонд, а нема членови на семејството со право на семејна пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Бр. 02-609/6
20 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Управниот одбор,
Александар Генчов, с.р.